# МАЧКИ

# Постапка на преглед без сопственик

Запомнете дека патувањето до ветеринарната ординација претставува значајна рутинска промена за мачките. Секогаш кога мачката е отсутна од дома, таа често бара скривалиште, па затоа треба да го олесниме ова однесување. Транспортерот треба да делува како безбедно место за мачките и секогаш кога мачката треба да ја посети ветеринарната ординација може да се користи крпа за покривање на транспортерот.

Транспортерот е многу важен :побарајте транспортер кој може лесно да се отвори одозгора, без бучава



## ПРЕД ПРЕГЛЕДОТ



1. Навикнете ја вашата мачка на транспортерот пред патување-транспортерот треба да биде на видливо и достапно место дома, на тивко и безбедно место. Грицки и играчки треба да има внатре. Тргнете ја вратичката за да овозможите целосен пристап во процесот на навикнување.
2. Употребата на феромонски спреј (фракција F3) во транспортерот треба да е 15 мин пред патување.



3. Покријте го транспортерот за да се намалат визуелните дразби.
4. Носете со себе меко кебе за да може да го употреби ветеринарот ако треба.



## ДОАЃАЊЕ ВО АМБУЛАНТАТА

1. Ако чекалната не е слободна, најдете некое мирно и тивко место додека чекате. Горните платформи се сметаат за побезбедни и по удобни за мачките.
2. Чувајте го транспортерот покриен и стевете го на подигната површина како на стол, специфични полици за носач за мачки или на скут.

## ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕГЛЕДОТ

1. Обидете се да бидете опуштени и смирени пред да ја оставите вашата мачка во собата за прегледи.
2. Оставете го транспортерот покриен.

## ПОСЛЕ ПРЕГЛЕДОТ

Бидете свесни дека прегледите и патувањето до и од клиниката може да бидат стресни искуства за вашата мачка. Кога ќе пристигнете во домот, ве молиме одржувајте ја околината мирна и безбедна, особено во случај други животни да живеат во истото домаќинство. Исчистете го транспортерот и складирајте го на лесно достапно место.

ФЛАЕР ЗА СОПСТВЕНИЦИ

ESVCE European Society of Veterinary Clinical Ethology

FECAVA Federation of European Companion Animal Veterinary Associations